Tweet Follow @UtrinskiVesnik

31.08.2016, 14:53

# ЕЛПИДА ХАЏИ-ВАСИЛЕВА СО ДЕЛА ОД СВИНСКИ ЖЕЛУДНИЦИ ВО СКОПЈЕ



Македонската уметница со „Вродена убавина 3" во галеријата „Остен"

Во галеријата „Остен" во Скопје, утревечер во 20:20 часот, ќе се отвори изложбата „Вродена убавина 3" на македонската уметница Елпида Хаџи-Василева. Изложбата се состои од пет инсталации на нејзини дела - мембрани од свински желудници на црни основи 20 х 20 см на панели со различни димензии. Истовремено ќе бидат промовирани и две графички мапи на уметницата: „Вродена убавина 3" и „Просторни инсталации", а со кои таа ќе биде дел од проектот на Остен „70 графички мапи за 70 години Остен".

„Визуелната сензација на нејзиниот концепт (ципи од свински желудници фиксирани на црна основа во квадратна рамка, како минијатури и како такви математички подредени во синхронен систем кој е постиран на галериски ѕид, асоцирајќи на таписерија) лежи во мултипликативноста, монохроматската миметичност на претставата, која се менува од квадрат во квадрат, истакнувајќи ја текстурата како предоминантен елемент и истовремено креирајќи ритмички привидна динамичност", ќе истакне Ана Франговска кон изложбата.

Инаку, Хаџи-Василева земала учество на многу интернационални изложби, вклучително и „L'H du Siege" во Франција, музејот „Kilmainham Gaol" во Даблин, а три пати настапила и на Венецискиот биенале: во 2005 во групна изложба, во 2013 ја претставувала Македонија, а две години подоцна учествувала и како претставник на Ватикан.

Статијата е прочитана 838 пати.